ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0203-224/02
22.05 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 26 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), Надзорниот одбор на ИОРРМ, на седницата одржана на 22.05.2019 година усвои:

# Извештај за работењето на Надзорниот одбор на ИОРРМ за 2018 година

Во 2018 година, Надзорниот одбор ги одржа 28-та и 29-та седница.

Надзорниот одбор согласно своите надлежности за вршење надзор на законитоста на материјално финансиското работење и правилноста на работата на Институтот ги разгледа следните документи:

- Пописниот елаборат од пописната комисија за утврдените состојби при пописот на средствата и обврските на Институтот за овластени ревизори на Република Македонија со состојба на 31.12.2017 година,
- Годишната сметка на ИОРРМ, Даночниот биланс, Бруто билансот за 2017 година и одредени акти и документи за кои се ценеше дека се значајни за давање оценка за работењето на Институтот и
- Нацрт ревизорски извештај и финансиски извештаи за 2017 година.

По разгледување на горенаведените акти и го прифати извештајот на независниот ревизор од извршената ревизија на финансиските извештаи за годината завршена на 31 декември 2018 година на ИОРРМ и го прифати мислењето на Друштво за ревизија ‘Аудит Македонија’ ДОО Скопје.

Надзорниот одбор го разгледа Годишниот извештај за работа на ИОРРМ за 2017 година и Годишна програма за работа на ИОРРМ за 2018 година, дискутираше за сите отворени прашања со стручната служба и го заседе следниот став:

- Извештајот дава информации за активностите на ИОРРМ во текот на извештајната година и содржи финансиски информации за приходи и расходи по активности предвидени со годишниот план донесен од страна на Собранието на ИОРРМ, споредбена финансиска анализа на планирани и реализирани активности и споредбена анализа на реализирани приходи и расходи за претходна и тековна година.

Надзорниот одбор донесе Одлука за продолжување на мандатот на членовите на органите на ИОРРМ, која што беше потврдена на првата наредна седница на Собранието на ИОРРМ.

**<u>Надзорен одбор на ИОРРМ:</u>**

**Кристина Тилиќ**

**Верица Хаџи Василева Марковска**

**Марјан Андонов**

**Јорданчо Којзаклиев**